Сите знаеме дека простувањето е голема работа, но многу е тешко кога ние треба тоа да го сториме... Што значи да се простува?

Дали воопшто е можно да и се опрости на некоја личност која не има повредено - која направила нешто што во нашата душа оставила длабока рана?

Дали е чесно да му се прости некому кој ни нанел голема злоба?

Во основа, простувањето е единствениот начин да бидеме чесни кон себе.

Кога на другите нема да им простиме за лошото кое ни го направиле, ние со тоа им даваме дополнителен мотив стореното зло да го повторат. Добивката од сето тоа е многу поголема за оној кој простува одошто на оној на кому се опростува..

Ако простувањето го разбереме како начин на кој самите се ослободуваме од болката која друг ни ја нанел, ние со тоа си помагаме на себе самите.

Простувањето незначи заборавање на лошото туку напротив помнење на истото како не би дозволиле неговото повторување во иднина.

Вистинското извинување се состои во изразеното жалење за тоа што навистина се случило, да признаеме дека сме виновни и да се потрудиме да го исправиме она што ни се става за грев дека сме го сториле.

Поголемиот дел од луѓето овој третиот дел го прескокнуваат поради што многу пријателства и врски помеѓу нив никогаш не зараснуваат до крај.

Една убава јапонска мудрост вели : „ понекогаш и само еден убав збор може да ги стопли трите зимски месеци“.

Дали познаваме некој на кому може да му простиме или да го замолиме за извинување ?

Вреди ли да се размислува и за ова нешто во животот???...

Лично сметам дека човек треба да простува,мегутоа постојат работи кои тешко можат да се замислат,а уште помалку простат и заборават.Сепак јас на никој не му ја држам судбината во раце.

Ке му оставам на Господ да ја заврши својата работа и да ги казни грешниците како што заслужиле.

Од мене им е простено!'



***Боге Војноски - автор на текстот***